Врз основа на член 169 став 1 алинеа 2 од Законот за јавни набавки ("Сл.весник на РМ" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14,130/14, 180/14 и 75/15), а во врска со член 15 и член 21-а став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство("Сл.Весник на РМ" бр.6/12,144/14 и 33/15), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

# ОДЛУКА

**За поништување на постапката за доделување на Договор за воспостаавување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање и одржување на јавниот паркинг простор во Општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга**

1.Со оваа Одлука се поништува постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање и одржување на јавниот паркинг простор во Општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга, спроведена со отворена постапка, по јавен оглас бр.1/15 (заведен под бр.19-3498/13 од 19.08.2015).

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/5**
**13.11.2015 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**м-р Горица Пеливанова-Вилхелм**